РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 03-608/1
29.05 2023 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на РМ,, бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и,,Службен весник на РСМ,, бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката донесена од Советот на Општина Кривогаштани бр.08-290/11 од 07.03.2023г. Комисијата за недвижни и движни ствари на Општина Кривогаштани објавува

# ОБЈАВА бр.1/2023

## за електронско јавно наддавање за давање во закуп на дел од недвижен имот во н.м.Кривогаштани сопственост на Општина Кривогаштани

**ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Предмет на електронско јавно наддавање е сладниот недвижен имот:

| Р. бр. | адреса | Вид и намена | КП , КО, ИЛ | Површина | Почетна цена на месечна закупнина(0,5% од проценетата вредност) | Банкарска гаранција 2% од проценетата вредност | Период на закуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | н.м.Кривогаштани | Дел од објект бр.1 во приземје на општинската зграда со намена В- 4 | КП бр. 7657 КО Кривогаштани ИЛ бр. 2081 | 60,46 м2 | 10.891 денари | 43.565 денари | 5 години |

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на недвижни ствари на територијата на РМ.

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање, комплетирана со следните докази.

- за физички лица-уверение за државјанство,

-за домашни правни лица- тековна состојба од Централен регистар на РМ,

-за странски правни лица-доказ за регистрација од соодветниот регистар на земјата каде се регистрирани

банкарска гаранција (Покрај електронски банкарската гаранција треба во писмена форма да се достави до Комисијата за недвижни и движни ствари на Општина Кривогаштани)

-e-mail адреса на подносителот, преку која ќе бидат испратени корисничко име и лозинка за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

**ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Вкупната почетната цена на месечна закупнина на електронското јавно наддавање за недвижноста предмет на закуп е утврдена во табеларниот преглед даден во оваа објава.

Електронското јавно наддавање ќе се одржи доколку има најмалку еден учесник кој ќе ја прифати и наддаде почетната цена.

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на електронското јавно наддавање за недвижноста предмет на закуп изнесува 2% од проценетата вредност и износот е утврден во табеларниот преглед даден во оваа објава.

Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута од банка кој врши работи на територијата на Република Северна Македонија, а времетраењето на гаранцијата да изнесува најмалку 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на пријава.

Банкарската гаранциија за сериозност на понудата на најповолниот понудувач ќе му се врати во рок од 15 дена од денот на уплатата, а банкарската гаранција на останатите понудувачи ќе им се врати во рок од 15 дена од денот на одржување на јавното наддавање.

**РОКОВИ**

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање можат да се достават од 31.05.2023 до 09.06.2023 г. на следната e-mail: www.e-stvari.mk

Електронското јавно наддавање ќе се изврши на следната интернет страница www.e-stvari.mk на ден 13.06.2023 година (вторник) со почеток во 10,00 часот.

**ПОСТАПКА**

Постапката за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисија за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

Комисијата ги известува подносителите на пријави за комплетноста на истите по електронски пат во рок од три дена од денот на поднесувањето на пријавата и на подносителите кои имаат комплетна документација им доставува корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, додека на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување дека истите нема да учествуваат на електронското јавно наддавање.

На денот на одржувањето на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страницата со корисничкото име и и шифра кои ги добиле од страна на комисијата.

Електронското јавно наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник кој ќе ја прифати и наддаде почетната цена.

Доколку во првите пет минути не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање вредноста на закупнината на недвижната ствар се намалува за 2% по што учесниците повторно имаат можност да ја прифатат односно да ја зголемат цената. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути и тоа неограничено се додека во временскиот интервал од две минути има нова понуда, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Учесникот кој на јавното наддавање понудил последна највисока цена се стекнува со статус на најповолен понудувач.Недвижните ствари дадени во закуп неможат да се даваат во подзакуп.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата на Трезорска сметка 100-0000000630-95, Банка на примачот НБРМ, уплатна сметка 840-139-06553, приходна шифра 723914 и програма 00 во согласност со постигнатата крајна цена на закупнина, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно електронско јавно наддавање за предметните ствари.

Со најповолниот понудувач во рок од петнаесет работни денови по извршената уплата се склучува договор, во писмена форма кој во рок од 30 дена се доставува кај Нотар заради вршење на солемнизација.

Нотарските трошоци и трошоците за запишување на правата на закуп во Агенција за катастар на недвижности се обврска на закупецот.

Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на електронското јавно наддавање, во рок од три (3) дена од одржувањето на електронското јавно наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од (5) дена од приемот на приговорот.

Оваа објава ќе биде објавена и на web страната на Општина Кривогаштани.

Комисија за недвижни
и движни ствари на
Општина Кривогаштани

1.
2.
3.